

# ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ НА ГРАЃАНИТЕ

МЦМС

ОДГОВОРНОСТ

Одговорност за општествените прашања.

СОЦИЈАЛИЗАЦИЈА

Поминување време со роднини, пријатели, колеги, во рекреација...

ЈАВЕН ДУХ

Почитување на законските обврски од страна на граѓаните.

ПОЛИТИЧКА АКТИВНОСТ

Учество на граѓаните во политички непартиски активности.

ВОЛОНТИРАЊЕ

Доброволна активност во заедницата.

УЧЕСТВО

Учество и активност на граѓаните во организаците на граѓанското општество.

ДАРУВАЊЕ

Добротворство преку работа, средства, знаење и/или добра.

ЖИВОТНА СРЕДИНА

Одговорност кон животната средина и природата.

ЖИВОТ

Ставови за животот поврзани со правото на избор на живот и на употреба на насилство.

# УЧЕСТВО ВО НЕПАРТИСКИ ПОЛИТИЧКИ АКТИВНОСТИ

Учеството на граѓаните во непартиски политички активности е мерено преку: учество во петиции, протести, бојкот и пополнување граѓански дневник. Последните две се нови категории споредено со претходното истражување од 2007 година, а се заменети пишувањето во весник (заради незначително учество во минатите истражувања) и јавување на телефонска линија (заменето со граѓански дневник).

Исто така, модифицирани се и категориите на одговори. Овој пат можните одговори беа: Учествувал (во последните 5 години); Не, но би учествувал (за да се процени потенцијалот за промена, т.е. за поголемо граѓанско учество); Никогаш не би учествувал. Во претходното истражување од 2007 година, можните одговори беа: Не (со кои сега се споредуваат првите два одговори во ова истражување, бидејќи ги вклучува и потенцијално активните граѓани); а другите три можни одговори (Еднаш; Неколку пати; Постојано) сега се заменети со еден одговор – Учествувал, заради малцинската вкупна застапеност во претходното истражување (од 8,3 % до 25,1 % во максималниот случај).

**Графикон 1. Учество на граѓаните во непартиски политички активности**




Учество на протест (демонстрација, митинг) пријавиле 40,4 % од граѓаните. Има поголемо учество на мажите од жените (за 12,4 %). Влијание на учеството има и етничката припадност (етничките Албанци почесто учествувале на протести, 13,4 % повеќе од етничките Македонци), како и образованието (почесто учествувале оние со повисоко образование).

Околу една третина (31,7 %) од граѓаните потпишале петиција во последните 5 години. И тука има малку поголемо учество на мажи (7,3 % повеќе од жени), а делумно влијание на учеството има и образованието (расте учеството и потенцијалот за учество со зголемувањето на нивото на образованието).

Кај двете категории има значително зголемување (речиси удвоено) во однос на претходното истражување. Кај протестите зголемувањето е од 22,4 % на 40,4 %, а кај петициите од 15,3 % на 31,7 %. Со тоа, учеството се доближува на нивото од 2004 година (44,6 % за протести и 36,7 % за петиции). Потенцијалот за поголемо учество на граѓаните е релативно голем (24,3 % и 34,3 %), додека околу третина од популацијата воопшто не би учествувала во протести и петиции.

Во новововедените категории, бојкот и граѓански дневник, учеството на граѓаните е мало (16,7 %, односно 12,3 % респективно), а потенцијалот за учество е идентичен (28,4 %) за двете категории. Кај граѓански дневник, малото учество можеби се должи и на релативно краткото време (околу 3 години) од неговото воведување и (не)информираноста на граѓаните за таа можност.

Православните христијани поретко (би) учествувале во бојкоти, а почесто учествувале граѓани со повисоко образование и оние кои живеат во Скопје (околу два пати повеќе од оние во руралните средини и помалите урбани центри).

Во однос на граѓанскиот дневник, влијанието на определени карактеристики е незначително, односно е прилично хомогено. Како и кај другите прашања, граѓаните со повисоко образование (би) учествувале повеќе, а само кај ова прашање има поголеми разлики помеѓу регионите (неучество нагласиле во источниот, југоисточниот и пелагонискиот регион).

## Заклучок

### 1. Зголемување на непартиските политички активности на граѓаните

Граѓаните имаат зголемени непартиски политички активности (протести, петиции) во однос на претходното истражување.

Конзистентно е поголемото учество на граѓаните со повисоко образование.

Во протестите и петициите има поголемо учество на мажите, отколку на жените.

Има релативно голем потенцијал (околу 30 %) за зголемен активизам на граѓаните (оние кои не учествувале досега, но би го направиле тоа).